# VI. Надворешен сектор

Со Одлуката за девизната политика и Проекцијата на платниот биланс во 1999 година, во надворешниот сектор се предвидуваше создавање услови за поусогласени односи во стоковната размена, зголемување на девизниот прилив врз основа на извоз на стоки и услуги, редовно извршување на тековните обврски спрема странство, одржување на девизниот курс на денарот на таргетираното ниво и зголемување на девизните резерви. Меѓутоа, како последица на силниот екстерен шок предизвикан од војната во СР Југославија, дојде до ревизија на проекцијата за макроекономската политика, а со тоа и на проекцијата за платниот биланс во 1999 година, која подоцна претставуваше основа за донаторската конференција во Париз. Со оваа проекција беше предвидено остварување на дефицит на тековната сметка од билансот на плаќања во износ од 510 милиони САД долари, силна контракција на извозот и увозот на стоки и непокриен дел од дефицитот на тековната сметка во износ од 422 милиони САД долари. Сепак, и покрај неповолните екстерни влијанија во 1999 година, дојде до одредени позитивни движења во надворешниот сектор на македонската економија, изразени преку намалување на дефицитот во тековната сметка и зголемување на девизните резерви во услови на одржана стабилност на девизниот курс на денарот во однос на германската марка. Значаен проблем и понатаму останува високиот дефицит во надворешно-трговската размена.

## 6.1. Биланс на плаќања[14]

Во 1999 година дојде до значајно редуцирање на дефицитот регистриран на тековната сметка на билансот на плаќања. Имено, тој изнесуваше 136 милиони САД долари, и во однос на 1998 година е понизок за 172 милиони САД долари, односно за 55,7%. Со тоа, дефицитот на тековната сметка на билансот на плаќања се сведе од 8,5% од БДП во 1998 година на 3,9% од БДП во 1999 година. Притоа, во вториот и третиот квартал од годината, како резултат на редуцираната надворешно-трговска размена и зголемениот износ на трансфери беше остварен суфицит на тековната сметка на билансот на плаќања во висина од 9 милиони САД долари, и 18 милиони САД долари, соодветно. Сепак, во последниот квартал од годината, како резултат на заживувањето на економската активност и преструктуирањето на стопанството, дојде до значително влошување на состојбите во стоковната размена на Република Македонија. Притоа, остварен е висок дефицит на тековната сметка на билансот на плаќања во износ од 109 милиони САД долари.

Меѓутоа, намалувањето на дефицитот во тековната сметка на билансот на плаќања на Република Македонија не е резултат на позначајно намалување на дефицитот во трговската сметка. Во 1999 година, дефицитот на трговската сметка изнесуваше 409 милиони САД долари[15], и во однос на 1998 година тој е понизок само за 9 милиони САД долари, односно за 2,2%. Притоа, треба да се напомене дека овој дефицит е регистриран во услови на намалена надворешно-трговска размена за 7,0%, како последица на намалувањето на извозот и увозот на стоки за 7,8%, односно за 6,4%, соодветно.

[14] Претходни податоци

[15] Дефицитот на трговската сметка во билансот на плаќања се разликува од дефицитот кај надворешно-трговската размена прикажан според официјалните податоци. Причината за тоа е што увозот во билансот на плаќања се прикажува на ф.о.б. основа, додека официјалната статистика го прикажува истиот на ц.и.ф. основа.

Табела 16

## Биланс на плаќања на Република Македонија

(во милиони САД долари)

| | 1998[1] | | | | | 1999[2] | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Кв1 | Кв2 | Кв3 | Кв4 | 1998 | Кв1 | Кв2 | Кв3 | Кв4 | 1999 |
| 1. Тековни трансакции | -86 | -59 | -17 | -147 | -308 | -55 | 9 | 18 | -109 | -136 |
| 1.1. Стоки, нето | -73 | -99 | -70 | -176 | -418 | -57 | -66 | -88 | -198 | -409 |
| Извоз, ф.о.б. | 292 | 336 | 339 | 325 | 1.292 | 254 | 250 | 346 | 343 | 1.192 |
| Увоз, ф.о.б. | -365 | -435 | -410 | -502 | -1.711 | -310 | -316 | -434 | -541 | -1.601 |
| 1.2. Услуги, нето | -39 | -45 | -40 | -50 | -173 | -34 | -17 | -12 | -12 | -75 |
| 1.3. Доход, нето | -14 | -3 | -19 | -9 | -44 | -13 | -2 | -22 | -6 | -44 |
| 1.4. Тековни трансфери, нето | 40 | 88 | 112 | 88 | 327 | 49 | 95 | 140 | 108 | 392 |
| Официјални | 8 | 4 | 4 | 12 | 28 | 15 | 36 | 5 | 9 | 65 |
| Други | 32 | 84 | 108 | 76 | 299 | 34 | 58 | 136 | 99 | 327 |
| 2. Капитални и финансиски трансакции | 79 | 74 | 16 | 187 | 355 | 26 | -25 | -32 | 70 | 39 |
| 2.1. Капитални трансакции, нето | 0 | 0 | 0 | -2 | -2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Капитални трансфери, нето | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Официјални | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Други | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Стекнување/располагање со непроиз.неф.сред. | 0 | 0 | 0 | -2 | -2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2.2. Финансиски трансакции, нето | 79 | 74 | 16 | 189 | 357 | 26 | -25 | -32 | 70 | 39 |
| Директни инвестиции, нето | 1 | 21 | 40 | 56 | 118 | 10 | 7 | 3 | 3 | 24 |
| Портфолио инвестиции, нето | 1 | 2 | 1 | 4 | 8 | 0 | 0 | 0 | 3 | 3 |
| Други инвестиции, нето | 77 | 51 | -25 | 128 | 232 | 15 | -32 | -35 | 64 | 13 |
| Трговски кредити, нето | 27 | 18 | -6 | 66 | 105 | -23 | -13 | -21 | 55 | -2 |
| Заеми, нето | 28 | 25 | 41 | 88 | 182 | 1 | 2 | 46 | 1 | 50 |
| Валути и депозити, нето | 22 | 8 | -61 | -26 | -57 | 34 | -25 | -67 | 3 | -55 |
| од кои: Комерцијални банки, нето | 22 | 8 | -35 | -26 | -31 | 34 | -15 | -62 | 3 | -40 |
| Други, нето | 0 | 1 | 1 | 0 | 2 | 4 | 4 | 6 | 5 | 19 |
| 3. Грешки и пропусти | 0 | 13 | -1 | -35 | -23 | 29 | 44 | 65 | 74 | 212 |
| 4. Вкупен биланс | -7 | 28 | -2 | 5 | 24 | 0 | 29 | 51 | 35 | 115 |
| 5. Финансирање | 7 | -28 | 2 | -5 | -24 | 0 | -29 | -51 | -35 | -115 |
| 5.1. Промени во официјални резерви[3] | 7 | -28 | -2 | -9 | -32 | 0 | -30 | -73 | -37 | -140 |
| Бруто девизни средства | 7 | -40 | 0 | -9 | -42 | 4 | -27 | -86 | -32 | -141 |
| ММФ | 0 | 12 | -2 | 0 | 10 | -4 | -3 | 14 | -5 | 2 |
| 5.2. Промени во вкупни неизмирени обврски | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 |
| Нови неизмирени обврски | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 |
| Регулирани достасани неизмирени обврски | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 5.3. Мораториум - Париски клуб | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 18 | 1 | 21 |
| 5.4. Репрограм | 0 | 0 | 4 | 4 | 8 | 0 | 0 | 3 | 0 | 3 |

[1]/ Дефинитивни податоци

[2]/ Претходни податоци

[3]/ Зголемување на средствата се бележи со негативен знак

Редуцирањето на дефицитот во тековната сметка на билансот на плаќања во 1999 година во најголем дел се должи на намалениот дефицит кај услугите и зголемениот суфицит кај тековните трансфери. Имено, дефицитот регистриран кај услугите во 1999 година изнесуваше 75 милиони САД долари. Во однос на претходната година, тој е намален за 98 милиони САД долари, односно за 56,4%. Подобрувањето во билансот на услугите е резултат на зголемениот обем на дадени услуги од областа на логистичка поддршка, транспорт, телекомуникации, деловни услуги и др. на нерезидентите, особено во текот и непосредно по завршувањето на кризата во регионот (втор и трет квартал од годината).

Графикон 21

Компоненти на тековната сметка на билансот на плаќања

(во милиони САД долари)




Од друга страна, кај тековните трансфери, во 1999 година, е регистриран суфицит во висина од 392 милиони САД долари. Споредено со суфицитот регистриран во 1998 година, тој е повисок за 64 милиони САД долари, односно за 19,7%. Притоа, суфицитот кај официјалните трансфери се зголеми за 37 милиони САД долари, односно за 130,6% и достигна 65 милиони САД долари, што се должи на зголемениот прилив на финансиски средства за време на кризата во СР Југославија (Косово). Истовремено, кај приватните трансфери регистриран е суфицит во износ од 327 милиони САД долари, и во однос на претходната година тој е повисок за 27 милиони САД долари, или за 9,2%.

Дефицитот кај ставката нето доход од билансот на плаќања во 1999 година изнесуваше 44 милиони САД долари, што во најголем дел отпаѓа на нето каматата. Имено, врз основа на нето камата остварен е одлив на 43 милиони САД долари. Притоа, во однос на 1998 година, дефицитот кај ставката доход е скоро непроменет.

Во изминатите години, дефицитот на тековната сметка на билансот на плаќања главно беше финансиран преку финансиските трансакции. Во 1999 година, на капитално-финансиската сметка од билансот на плаќања е регистриран суфицит во износ од 39 милиони САД долари.

Директните и портфолио инвестициите во 1999 година изнесуваа 27 милиони САД долари (од кои 24 милиони САД долари отпаѓаат на странски директни инвестиции). Во однос на 1998 година тие се пониски за 99 милиони САД долари, односно за 78,6%. Притоа, и покрај настојувањата да се задржи трендот од 1998 година кога беше постигнат највисокиот износ на странски директни инвестиции во Република Македонија, војната во СР Југославија во вториот квартал од годината го зголеми ризикот за инвестирање во регионот. Сепак, во второто полугодие од годината беа договорени неколку поголеми проекти за влез на странски капитал во Република Македонија, чија целосна реализација е предвидена во 2000 година.

Кај категоријата "други инвестиции, нето" од билансот на плаќања на Република Македонија, во 1999 година беше регистриран суфицит во висина од 13 милиони САД долари, кој е далеку понизок од суфицитот од 232 милиони САД долари регистриран во 1998 година. Притоа, намалениот суфицит кај оваа категорија е последица на намалениот износ на користени странски кредити, при што е остварен прилив од 50 милиони САД долари и поголемиот обем на отплатени отколку користени трговски кредити (за 2 милиони САД долари).

Бруто девизните средства[16] во 1999 година оствarија пораст од 141 милиони САД долари, односно за 99 милиони САД долари повеќе отколку во 1998 година. Заради ублажување на последиците од кризата во СР Југославија (Косово) врз платниот биланс на Република Македонија, на мартовската конференцијата во Париз беше донесена одлука за мораториум на долговите на Република Македонија кон Парискиот клуб во времетраење од една година, односно нивно репрограмирање, при што е извршен репрограм на долгот во износ од 21 милиони САД долари. Истовремено, врз основа на договорот помеѓу Република Македонија и Лондонскиот клуб од 1997 година, во 1999 година е извршен репрограм на 3 милиони САД долари од македонскиот долг кон овој клуб.

Дефицитот на тековната сметка, кој само делумно беше покриен со капитално-финансиските трансакции и зголемувањето на девизните резерви во 1999 година, во билансот на плаќања се израмнети преку ставката грешки и пропусти, која има позитивен предзнак и достигна 212 милиони САД долари. Високиот износ на грешки и пропусти се должи на нессоодветноста на постоечката статистика, односно неможноста во целост да се идентификуваат приливите од хуманитарните организации, НАТО силите и други нерезиденти.

## 6.2. Надворешно-трговска размена

Надворешно-трговската размена на Република Македонија во последните неколку години се карактеризира со континуирано остварување на висок дефицит, кој досега делумно беше компензиран преку ставките услуги и трансфери од билансот на плаќања. Неочекуваниот силен екстерен шок предизвикан од војната во СР Југославија неповолно се одрази врз надворешно-трговската размена на Република Македонија во 1999 година. Имено, стоковната размена на Република Македонија со странство во 1999 година изнесуваше 2.988 милиони САД долари, што е за 238 милиони САД долари, или за 7,4% помалку во однос на 1998 година. Сепак, и во услови на намален обем на стоковна размена со странство, остварениот дефицит во 1999 година е речиси на нивото од претходната година.

[16] Податокот за бруто девизните средства прикажан во билансот на плаќања се разликува од податокот за бруто девизните резерви според официјалните податоци поради тоа што во статистиката на билансот на плаќања се исклучуваат интервалутарните разлики.

Графикон 22

Надворешно-трговска размена на Република Македонија

(во милиони САД долари)




Размената на стоки на Република Македонија со странство во 1999 година се карактеризираше со неизедначена динамика. Имено, во првата половина од годината, како последица на екстерниот шок, дојде до значителна контракција на надворешно-трговската размена, при што со странство беа разменети стоки во вредност од 1.214 милиони САД долари (за 20,6% помалку отколку во истиот период од 1998 година), или 40,6% од вкупната размена на стоки со странство во 1999 година. Со завршувањето на војната во СР Југославија и релативизирањето на ограничувачките ефекти од екстерниот шок, во втората половина од 1999 година дојде до интензивирање на надворешно-трговската размена. Така, во периодот јули - декември 1999 година, со странство се разменија стоки во вредност од 1.774 милиони САД долари, што е за 4,6% повеќе во споредба со истиот период од 1998 година.

Вредноста на извезените стоки од Република Македонија во 1999 година се намали за 119 милиони САД долари, или за 9,1% во однос на 1998 година и се сведе на 1.192 милиони САД долари. Падот се должи на значајно редуцираниот извоз на стоки во текот на првата половина од годината. Имено, војната во СР Југославија резултираше со губење на југословенскиот пазар, неможност за користење на исклучително важниот транспортен коридор низ оваа земја, како и раскинување на бројни договори за извоз на стоки на пазарите во САД и ЕУ. Кон ова се надоврза и можноста за воведување на анти-дампинг мерки спрема македонските производители од црната металургија, инаку важна извозна гранка во македонската економија. Следствено, во периодот јануари - јуни 1999 година беа извезени стоки во вредност од 504 милиони САД долари, односно за 128 милиони САД долари, или за 20,3% помалку отколку во истиот период од 1998 година. Со крајот на војната во СР Југославија беа елиминирани факторите кои делуваа негативно врз обемот на извезени стоки од Република Македонија, што доведе до зголемување на извозот во втората половина од 1999 година, кое сепак не беше доволно да го компензира падот регистриран во првото полугодие.

Во 1999 година, увозот на стоки во Република Македонија изнесуваше 1.796 милиони САД долари. Притоа, намалената економска активност предизвикана од војната во соседството, како и намаленото производство во црната металургија предизвикано од можноста за воведување на анти-дампинг мерки негативно се одразија и врз увозот на стоки во оваа година. Следствено, увозот на стоки во Република Македонија во 1999 година е понизок за 119 милиони САД долари, односно за 6,2% во однос на 1998 година. И кај увозот е присутна неправилна квартална

дистрибуција, при што само во последниот квартал од годината се увезени стоки во вредност од 602 милиони САД долари, односно 33,6% од вкупно увезените стоки во 1999 година.

Дефицитот регистриран во надворешно-трговската размена на Република Македонија во 1999 година изнесуваше 604 милиони САД долари. Во однос на дефицитот во 1998 година, тој е речиси непроменет, што во услови на намалена размена на стоки со странство за 7,4% укажува на влошената структура на надворешно-трговската размена во оваа година. Како резултат на тоа, во 1999 година, во однос на 1998 година, стапката на покриеност на македонскиот увоз со извоз се намали за 2,1 процентни поени, и се сведе на 66,4%.

Влошената состојба во надворешно-трговската размена е видлива и преку анализата на извозот и на увозот на Република Македонија во поглед на економската намена на стоките. На страната на извозот, во 1999 година доминира извозот на производи за репродукција со 566 милиони САД долари, односно 47,5% од вкупниот извоз. Во однос на 1998 година, учеството на овие производи во вкупниот извоз е намалено за 1,1 процентен поен. Истовремено, не дојде до зголемување на учеството на извозот на стоки со повисок степен на обработка, односно стоки за широка потрошувачка. Имено, во 1999 година, се извезени стоки за широка потрошувачка во вредност од 564 милиони САД долари, односно 47,3% од вкупниот извоз. На извоз на средства за работа во 1999 година отпаѓаат 37 милиони САД долари, односно 3,1% од вкупно извезените стоки во оваа година (4,0% во 1998 година). Притоа, значително е зголемено учеството на ставката "нераспределено" (од 0,1% од вкупниот извоз во 1998 година на 2,1% во 1999 година), што се должи на добиената странска хуманитарна помош во 1999 година.

Табела 17

Надворешно-трговска размена на Република Македонија
по економска намена на производите

(во милиони САД долари)

| Производи | Извоз | | | | Увоз | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1998 (во милиони САД долари) | 1998 (во милиони САД долари) | индекс 1999/1998 | структура 1999 година | 1998 (во милиони САД долари) | 1998 (во милиони САД долари) | индекс 1999/1998 | структура 1999 година |
| Република Македонија (вкупно) | 1.311 | 1.192 | 90,9 | 100,0 | 1.915 | 1.796 | 93,8 | 100,0 |
| 1. Производи за репродукција | 637 | 566 | 88,9 | 47,5 | 1.242 | 1.132 | 91,1 | 63,0 |
| 2. Средства за работа | 53 | 37 | 70,2 | 3,1 | 248 | 253 | 101,9 | 14,1 |
| 3. Стоки за широка потрошувачка | 620 | 564 | 91,0 | 47,3 | 413 | 403 | 97,6 | 22,4 |
| 4. Нераспределено | 1 | 25 | 1.846,2 | 2,1 | 12 | 8 | 72,2 | 0,5 |

Неповолните движења се поистакнати на страната на увозот на стоки во Република Македонија. Во 1999 година најмногу се увезуваа материјали за репродукција, чиј увоз во оваа година се сведе на 1.132 милиони САД долари, односно 63,0% од вкупниот увоз. Во однос на 1998 година, тоа претставува пад од 1,9 процентни поени, што е последица на намалениот обем на индустриското производство во 1999 година. Истовремено се увезени стоки за широка потрошувачка во вредност од 403 милиони САД долари, односно 22,4% од вкупниот увоз. Со тоа, учеството на увозот на стоки за широка потрошувачка во вкупниот увоз во 1999 година се зголеми за 0,9 процентни поени. На увоз на средства за работа отпаѓаат 14,1% од вкупниот увоз во 1999 година (13,0% во 1998 година), а 0,5% од вкупниот увоз е нераспределен.

Во поглед на насоченоста на надворешно-трговската размена на Република Македонија, во 1999 година продолжи доминацијата на групацијата на развиени земји. Со оглед на географската поставеност, од оваа групација на земји, најголемо значење за Република Македонија има Европската Унија, чие учество во стоковната размена

во оваа година дополнително се зголеми (за 2,5 процентни поени) и достигна 42,0% од вкупната размена на Република Македонија со странство. Поврзаноста на македонската економија со економиите на земјите кои произлегоа од поранешната СФРЈ е видлива и преку учеството на овие земји во надворешно-трговската размена на Република Македонија, кое со оглед на состојбите кои владееја во регионот во првата половина од 1999 година се задржа на нивото од претходната година (25,6% од вкупната размена). Земјите од централна и источна Европа, исто така, претставуваат важен трговски партнер на Република Македонија, посебно на страната на увозот на стоки, бидејќи некои од поважните индустриски гранки (црната металургија, производството и преработката на обоени метали) во македонската економија зависат од увоз на репроматеријали од овие земји. Со оглед на тоа што производството во овие гранки беше значително намалено во 1999 година, и учеството на овие земји во стоковната размена на Република Македонија со странство се намали за 0,6 процентни поени и се сведе на 15,2% од вкупната размена. Во размената со овие три групации на земји, во 1999 година Република Македонија регистрира дефицит, при што во размената со земјите од поранешната СФРЈ тој е преполовен во однос на претходната година, пред се поради подобрениот биланс во размената со СР Југославија. Истовремено, дојде до значајно продлабочување на дефицитот во размената на стоки со развиените земји, а во размената на стоки со земјите од централна и источна Европа тој благо се зголеми.

Табела 18

Надворешно-трговска размена на Република Македонија
со економски групации на земји

(во милиони САД долари)

| Економска групација на земји | Извоз | Структура | Увоз | Структура | Обем на стоковна размена | Структура |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | I - XII 1999 година | | | | | |
| Република Македонија (вкупно) | 1.192 | 100,0 | 1.796 | 100,0 | 2.988 | 100,0 |
| 1. Развиени земји | 718 | 60,2 | 911 | 50,7 | 1.629 | 54,5 |
| од тоа: | | | | | | |
| ЕУ | 533 | 44,7 | 721 | 40,1 | 1.254 | 42,0 |
| ЕФТА | 32 | 2,7 | 24 | 1,3 | 56 | 1,9 |
| Други развиени земји | 153 | 12,8 | 166 | 9,2 | 319 | 10,7 |
| 2. Земји на Централна и Источна Европа и поранешни СССР | 75 | 6,3 | 378 | 21,0 | 453 | 15,2 |
| 3. Земји во развој | 33 | 2,8 | 96 | 5,3 | 129 | 4,3 |
| 4. Републики од поранешна СФРЈ | 357 | 29,9 | 409 | 22,8 | 766 | 25,6 |
| 5. Останати земји | 9 | 0,8 | 2 | 0,1 | 11 | 0,4 |

Зголемено учество на групацијата развиени земји во надворешно-трговската размена на Република Македонија во 1999 година се должи на зголемениот увоз на стоки од земјите на ЕУ. Имено, вредноста на увезените стоки од ЕУ во 1999 година, во однос на 1998 година се зголеми за 3,8% со што достигна 721 милион САД долари, односно 40,1% од вкупниот увоз на Република Македонија. Со тоа, учеството на ЕУ во вкупниот увоз на стоки се зголеми 3,9 процентни поени во однос на 1998 година. На страната на извозот, ЕУ учествува со 44,7% од вкупниот увоз, односно за 0,6 процентни поени повеќе отколку во 1998 година. Притоа, вредноста на извезените стоки на пазарите во ЕУ во 1999 година изнесуваше 533 милиони САД долари, и е пониска за 7,8% во однос на 1998 година. Земјите од поранешна СФРЈ претставуваа пазар за 29,9% (357 милиони САД долари) од вкупниот извоз на Република Македонија во 1999 година. Споредено со 1998 година, тоа претставува зголемување на вредноста на извезените стоки во овие земји за 1,0%, со што и учеството на овие земји во вкупниот извоз се зголеми за 2,8 процентни поени. Увозот на стоки од оваа групација земји во 1999 година изнесуваше 409 милиони САД долари, односно за

12,3% помалку во споредба со 1998 година, со што нивното учество во вкупниот увоз на стоки се намали за 1,6 процентни поени.

Од аспект на поодделни земји, во структурата на надворешно-трговската размена на Република Македонија и натаму доминираат истите десет земји како и во претходната година, со мали промени во нивниот редослед. Имено, и во 1999 година, најважен трговски партнер е Германија, со која се разменети стоки во вредност од 500 милиони САД долари, односно 16,7% од вкупната надворешно-трговска размена на Република Македонија, што претставува речиси идентично учество како и во претходната година. Размената на стоки со СР Југославија во првата половина на 1999 година беше во голема мера погодена од административните мерки воведени од страна на југословенските власти за обесхрабрување на увозот и од војната во оваа земја. Меѓутоа, како резултат на заживувањето на извозот на Косово во периодот по завршувањето на војната, во 1999 година остварен е значителен обем на стоковна размена со СР Југославија. Имено, надворешно-трговската размена на Република Македонија со СР Југославија изнесуваше 436 милиони САД долари, што претставува 14,6% од вкупната размена на стоки на Република Македонија со странство (пад од 0,3 процентни поени во однос на 1998 година). Во текот на 1999 година, Грција претставуваше трет најважен трговски партнер на Република Македонија (четврта на оваа листа во 1998 година), со која се разменети стоки во вредност од 250 милиони САД долари, односно 8,4% од вкупната размена на стоки со странство (за 2,0 процентни поени повеќе отколку во 1998 година). Тоа е резултат на зголемениот увоз на стоки од оваа земја. Анализата на компонентите на надворешно-трговската размена покажува дека најголеми пазари за македонските стоки во 1999 година беа Германија и СР Југославија, со учество во вкупниот извоз на Република Македонија од 21,4% и 21,3%, соодветно, по што следуваат САД каде што се пласирани 11,4% од македонскиот извоз. И на страната на увозот доминираат Германија и СР Југославија, со учество од 13,7%, односно 10,1% од вкупниот увоз на Република Македонија, пред Грција, на која отпаѓаат 9,1% од вкупниот увоз во 1999 година.

Табела 19

Десет најголеми трговски партнери на Република Македонија

| | Обем на стоковна размена во милиони САД долари | Учество | Извоз во милиони САД долари | Учество | Увоз во милиони САД долари | Учество | Покриеност на увозот со извоз |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | I-XII 1999 | | | | | | |
| **РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** | **2.988** | **100** | **1.192** | **100** | **1.796** | **100** | **66,4** |
| од тоа: | | | | | | | |
| Германија | 500 | 16,7 | 255 | 21,4 | 245 | 13,7 | 103,8 |
| СР Југославија | 436 | 14,6 | 254 | 21,3 | 182 | 10,1 | 139,8 |
| Грција | 250 | 8,4 | 86 | 7,2 | 164 | 9,1 | 52,5 |
| САД | 208 | 7,0 | 136 | 11,4 | 72 | 4,0 | 188,7 |
| Словенија | 191 | 6,4 | 34 | 2,9 | 157 | 8,7 | 21,7 |
| Италија | 163 | 5,5 | 70 | 5,9 | 93 | 5,2 | 76,0 |
| Украина | 119 | 4,0 | 4 | 0,3 | 115 | 6,4 | 3,1 |
| Бугарија | 117 | 3,9 | 26 | 2,2 | 91 | 5,1 | 28,6 |
| Хрватска | 111 | 3,7 | 49 | 4,1 | 62 | 3,4 | 79,3 |
| Русија | 106 | 3,6 | 15 | 1,3 | 91 | 5,1 | 16,5 |
| Вкупно (10 најголеми партнери) | 2.201 | 73,7 | 929 | 77,9 | 1.272 | 70,8 | 73,1 |

Во размената на стоки со своите десет најважни трговски партнери, во 1999 година Република Македонија оствари дефицит во износ од 343 милиони САД долари, односно стапка на покриеност на македонскиот увоз со извоз од 73,1%. Притоа, беше остварен суфицит само во размената со три земји, и тоа Германија, СР Југославија и

САД. Највисок дефицит во размената со десетте најважни трговски партнери во 1999 година е регистриран во стоковната размена со Украина и Русија, што се должи на зависноста на македонската црна металургија од производи за доработка кои се увезуваат од овие земји. Склучувањето на спогодбата за слободна трговија со Словенија неповолно се одрази врз трговскиот биланс на Република Македонија. Имено, во размената на стоки со Словенија е регистриран тренд на рапидно намалување на стапката на покриеност на македонскиот увоз со извоз (58,6% во 1996 ; 40,7% во 1997; 27,7% во 1998). Во 1999 година, тој тренд продолжи при што стапката на покриеност на македонскиот увоз со извоз се сведе на 21,7%, односно беше регистриран трговски дефицит во износ од 123 милиони САД долари.

## 6.3. Девизен курс на денарот

Во текот на 1999 година, НБРМ продолжи успешно да ја имплементира монетарната стратегија на таргетирање на номиналниот девизен курс на денарот во однос на германската марка. Следствено, во 1999 година девизниот курс на денарот во однос на германската марка остана непроменет и на 31.12.1999 година изнесуваше 31,00 денар за една германска марка.

Графикон 23

Номинален девизен курс на денарот во однос на германската марка
и американскиот долар

(Денари за единица странска валута)




За разлика од случувањата на девизниот пазар (на кој тргуваат депозитните банки и претпријатијата), каде што без поголеми осцилации во текот на целата година девизниот курс на денарот во однос на германската марка се задржа на таргетираното ниво од 31,00 денар за една германска марка, на менувачкиот пазар курсот во различни периоди флуктуираше помеѓу 31,10 и 32,75 денари за една германска марка. Имено, почетокот на војната во СР Југославија резултираше со контракција на надворешно-трговската размена и иницирање на сѐ уште присутната склоност на економските субјекти во кризни времиња повеќе да држат странска валута. Ваквите движења се рефлектираа на менувачкиот пазар преку истовремено намалување на понудата и зголемување на побарувачката за девизи. Како резултат на тоа, средниот девизен курс на денарот во однос на германската марка на менувачкиот пазар на почетокот на април достигна 32,75 денари за една германска марка, што претставува депресијација од 3,3% во однос на девизниот курс од почетокот на годината (31,70 денари за една германска марка).

Графикон 24

Номинален девизен курс на денарот во однос на германската марка и американскиот долар на менувачкиот пазар

(Денари за единица странска валута)




Спротивно на оваа состојба, во октомври 1999 година, во однос на нивото од 31.12.1998 година, денарот апресираше за 1,9% во однос на германската марка, со што се сведе на 31,10 денари за една германска марка. Ваквиот развој на настаните беше резултат на надминувањето на војната во СР Југославија, како и зголемениот број на нерезиденти (НАТО, хуманитарни организации, дипломатски мисии итн.) кои се јавуваат во улога на нето продавачи на девизи. На 31.12.1999 година, средниот девизен курс на денарот во однос на германската марка на менувачкиот пазар достигна 31,55 денари за една германска марка, што во однос на нивото од 31.12.1998 година претставува апресијација од 0,5%.

Од 01.01.1999 година започна административната примена на еврото, валутната единица на Европската Монетарна Унија. Како резултат на фиксните стапки на конверзија помеѓу еврото и националните валути на земјите кои учествуваат во ЕМУ, меѓу кои е и Германија (1,96 германски марки за едно евро), и непроменетоста на девизниот курс на денарот во однос на германската марка, девизниот курс на денарот во однос на еврото во текот на 1999 година остана непроменет и изнесуваше 60,62 денари за едно евро.

Применувањето на монетарна стратегија на таргетирање на номиналниот девизен курс на денарот во однос на германската марка, условува девизниот курс на денарот во однос на другите светски валути, вклучувајќи го и американскиот долар, да се утврдува врз основа на соодносот помеѓу германската марка и овие валути на светските девизни берзи. Во текот на 1999 година, американскиот долар континуирано јакнеше во однос на германската марка при што на 31.12.1999 година еден американски долар се разменуваше за 1,95 германски марки, наспроти курсот од 1,67 германски марки за еден американски долар на 31.12.1998 година. Тоа резултираше со депресијација на девизниот курс на денарот во однос на американскиот долар од 16,4%, со што истиот достигна 60,34 денари за еден американски долар. И на менувачкиот пазар, во 1999 година, средниот девизен курс на денарот во однос на американскиот долар депресираше за 16,4% и на 31.12.1999 година изнесуваше 59,51 денари за еден американски долар.

## 6.4. Девизни резерви на Република Македонија

Вкупниот девизен потенцијал на Република Македонија го сочинуваат девизните средства на Народна банка на Република Македонија[17] и девизните резерви со кои управуваат банките овластени за платен промет и кредитни односи со странство. На крајот на 1999 година тој го достигна нивото од 833 милиони САД долари, што е за 142 милиони САД долари, односно за 20,6% повеќе од девизниот потенцијал на крајот од 1998 година. Ваквото зголемување на девизниот потенцијал се должи како на зголемените девизни средства на Централната банка, така и на порастот регистриран кај девизните средства на банките овластени за работа со странство.

Девизните средства на НБРМ на крајот на 1999 година изнесуваа 499 милиони САД долари, што во споредба со крајот на 1998 година претставува пораст од 36,0%, односно за 132 милиони САД долари. Најголемиот дел од девизните средства се пласирани на сметки на НБРМ кај странски банки во вид на депозити (465 милиони САД долари) и во вид на монетарно злато (28 милиони САД долари).

Бруто девизните резерви на НБРМ, кои претставуваат разлика меѓу девизните средства и девизните обврски на НБРМ, на крајот на 1999 година изнесуваа 458 милиони САД долари, што споредено со нивото на крајот на 1998 година претставува пораст од 125 милиони САД долари, односно од 37,5%. На тој начин тие достигнаа ниво еквивалентно на 3,1 месечен увоз на стоки. Остварениот пораст на бруто девизните резерви на НБРМ во 1999 година во најголема мерка се должи на нето откупот на девизи на девизниот пазар во износ од 118 милиони САД долари.

Динамички набљудувано, во движењето на бруто девизните резерви на НБРМ се дистанцираат два периода - периодот пред и за време на војната во СР Југославија и периодот по завршување на истата. Така, сé до завршувањето на војната бруто девизните резерви на НБРМ беа во постојано опаѓање, и покрај намалениот дефицит во тековната сметка на билансот на плаќања. Иако Република Македонија ја започна 1999 година со дотогаш највисоко ниво на бруто девизни резерви на НБРМ од 333 милиони САД долари, на крајот на мај 1999 година тоа се сведе на 306 милиони САД долари. Позитивните влијанија од повторното отворање на пазарот во СР Југославија врз надворешно - трговската размена, како и зголемувањето на понудата на девизи на девизниот пазар над побарувачката, придонесоа за континуирано зголемување на бруто девизните резерви на НБРМ во периодот по завршувањето на војната.

Вкупниот остварен прилив на девизни средства во бруто девизните резерви на НБРМ во 1999 година изнесува 512 милиони САД долари. Од тоа, 326 милиони САД долари, односно 63,6% отпаѓаат на купени девизи од страна на НБРМ, во чија структура преовладуваат откупот на девизи од девизниот и менувачкиот пазар. Врз основа на странски кредити и донации е остварен прилив од 58 милиони САД долари, при што доминираат кредитите повлечени од IDA во вкупен износ од 40 милиони САД долари. Во август 1999 година се ефектуира CCFF (Compensatory and Contingency Financing Facility) аранжманот од Меѓународниот Монетарен Фонд, врз основа на што беше остварен прилив од 19 милиони САД долари. Останатите приливи главно се однесуваат на наплатени камати од депонирани девизни средства во странство, кои на крајот на 1999 година изнесуваа 12 милиони САД долари.

[17] Девизните средства на НБРМ претставуваат збир од бруто девизните резерви на НБРМ, привремено одземените девизи, депозитите на државните институции и останатите девизни средства.

Табела 20

Приливи и одливи на бруто девизните резерви
на Народна банка на Република Македонија

(во милиони САД долари, крај на период)

| | 31.12. 1998 | IQ | IIQ | IIIQ | IVQ | 01.01.99-31.12.99 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Состојба на девизни резерви | 333,5 | 318,8 | 347,9 | 441,5 | 458,4 | |
| Нето пораст на девизните резерви | | -14,6 | 29,1 | 93,6 | 16,8 | 124,9 |
| Приливи | | 31,6 | 88,2 | 54,8 | 44,3 | 512,4 |
| Купени девизни средства | | 12,1 | 70,8 | 20,4 | 30,5 | 326,8 |
| Камата на девизни депозити | | 1,1 | 0,9 | 1,2 | 1,2 | 12,7 |
| Одобрени странски кредити и донации | | 12,5 | 9,9 | 13,4 | 3,4 | 77,5 |
| Останато | | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 |
| Интервалутарни односи | | 5,9 | 6,6 | 19,8 | 9,2 | 95,4 |
| Одливи | | 26,4 | 46,4 | 19,1 | 31,6 | 387,5 |
| Продадени девизни средства | | 10,6 | 35,6 | 4,0 | 19,4 | 209,3 |
| Отплата на долг | | 6,4 | 1,8 | 5,6 | 2,8 | 65,2 |
| Интервалутарни односи | | 9,4 | 9,0 | 9,5 | 9,4 | 113,0 |

Во правец на намалување на бруто девизните резерви на НБРМ делуваа одливите на девизни средства во вкупен износ од 387 милиони САД долари. Притоа, најголем дел од одливите во износ од 209 милиони САД долари се однесува на продадените девизни средства од страна на НБРМ. Тоа првенствено се должи на интервенирањето од страна на НБРМ на девизниот пазар поради флуктуирачките движења на понудата и побарувачката на девизни средства. Исто така, значаен одлив на девизни средства во вкупен износ од 65 милиони САД долари е остварен врз основа на отплата на дел од долгот кон ММФ и отплата на кредити од странски кредитори. Како последица на депресијацијата на германската марка во однос на американскиот долар и падот на цената на златото на светските берзи, врз основа на интервалутарни односи (односно курсни разлики и промени во цената на златото), е реализиран нето одлив во износ од 18 милиони САД долари.

Нето девизните резерви на Народна банка на Република Македонија, кои претставуваат разлика меѓу бруто девизните резерви и обврските спрема ММФ, на 31.12.1999 година изнесуваа 357 милиони САД долари, со што тие се за 126 милиони САД долари поголеми од состојбата на крајот од 1998 година. Ваквиот пораст во целост се должи на зголемените бруто девизни резерви на НБРМ, со оглед на тоа што обврските спрема ММФ на нето основа се намалија за 1 милион САД долари. Минималниот пад на нето основа се должи како на поголемата отплата на долгот спрема ММФ од задолжувањето (кое во целост произлезе од ефектуирањето на CCFF аранжманот), така и на промената на интервалутарниот однос меѓу Специјалните права на влечење и американскиот долар. Така, на крајот на 1999 година вкупните обврски спрема Меѓународниот Монетарен Фонд изнесуваат 101 милиони САД долари.

Вкупните девизни средства на банките овластени за работа со странство на крајот на 1999 година, во однос на крајот од претходната година, се зголеми за 10 милиони САД долари, односно за 3,1%, со што го достигнаа нивото од 334 милиони САД долари. Притоа, остварени се дивергентни движења на сопствените девизни средства на банките и девизните депозити на економските субјекти кај банките, кои претставуваат основни компоненти на вкупните девизни средства на банките овластени за работа со странство.

Графикон 25

Структура на девизните средства кај банките

(во милиони САД долари)




Сопствените девизни средства на банките[18] на крајот на 1999 година го достигнаа износот од 47 милиони САД долари, што споредено со нивото од крајот на претходната година претставува пораст од 13 милиони САД долари, односно од 40,6%. Динамички гледано, значаен пораст на сопствените девизни средства на банките беше остварен во периодот по завршувањето на воените активности во регионот. На крајот на 1999 година девизните депозити на економските субјекти (вклучуваат девизни депозити, странски кредити и други краткорочни девизни обврски на резиденти и нерезиденти) кај банките изнесуваа 287 милиони САД долари, што е за 3 милиони САД долари помалку во однос на крајот од 1998 година.

## 6.5. Девизен пазар

Од аспект на субјектите - учесници, девизниот пазар во Република Македонија, е поделен на два сегмента. На првиот сегмент право на учество имаат само овластени банки, домашни правни лица и Народна банка на Република Македонија. На вториот сегмент, кој всушност го претставува менувачкиот пазар, со девизни средства тргуваат физички лица и менувачници.

На девизниот пазар на кој тргуваат банките, претпријатијата и Народна банка на Република Македонија во текот на 1999 година е остварен вкупен промет во износ од 1.411 милиони САД долари. Споредено со прометот во 1998 година, остварениот промет е поголем за 161 милиони САД долари, односно за 12,9%. Најголем дел од прометот, 59,6% или 840 милиони САД долари е реализиран преку трансакции меѓу банки и претпријатија. Потоа следуваат трансакциите меѓу претпријатија, во кои е остварен промет од 305 милиони САД долари, што претставува 21,6% од вкупниот промет. Централната банка преку купопродажбата на девизни средства на девизниот пазар во 1999 година оствари промет од 199 милиони САД долари, или 14,1% од вкупниот промет. Преостанатиот дел од вкупниот промет (67 милиони САД долари, односно 4,7%) се однесува на трансакции меѓу банките.

[18] Разлика меѓу девизните средства и девизните обврски на депозитните банки, при што не се опфатени долгорочните обврски на депозитните банки по странски кредити и краткорочните обврски по странски кредити каде што краен корисник не е самата банка. Во износот на сопствените девизни средства на банките не е инкорпориран делот од девизните штедни влогови на население (30 милиони САД долари), со кој согласно постојната регулатива банките можат слободно да располагаат.

Графикон 26

Нето откуп на девизи на девизниот пазар од страна на НБРМ

(во милиони САД долари)




За да се одржи вредноста на денарот во однос на германската марка на таргетираното ниво, како интермедијарен таргет на монетарната политика, НБРМ и во текот на 1999 година интервенираше со купопродажба на девизни средства на девизниот пазар. Притоа, како резултат на глобално поголемата понуда на девизни средства од побарувачката, во 1999 година НБРМ оствари нето откуп на девизи од девизниот пазар во износ од 118 милиони САД долари. Споредено со претходната година, реализираниот откуп е повеќе од тројно поголем од минатогодишниот, или изразено во апсолутни големини, откупот е поголем за 82 милиони САД долари.

Од динамички аспект, во сите четири квартали од годината реализиран е нето откуп на девизни средства. Во првиот квартал на нето основа се откупени 12 милиони САД долари, при што е извршен нето откуп во секој од трите месеци. Кризата во регионот која ескалираше во воен конфликт во СР Југославија резултираше со остварување на дивергентни движења на девизниот пазар во вториот квартал од годината. Имено, како последица на притисоците за депресијација на курсот на денарот во април и мај НБРМ интервенираше на девизниот пазар, при што во тие два месеца е реализирана нето продажба на девизи во износ од 8 милиони САД долари. Со завршувањето на војната дојде до драстично зголемен прилив на девизни средства врз основа на донации, што ја наметна потребата од повторна интервенција на НБРМ на девизниот пазар, но овојпат во насока на спречување на апресијација на девизниот курс на денарот. Така, во јуни беше реализиран нето откуп на девизи во износ од 35 милиони САД долари, што значеше остварување на нето откуп од 27 милиони САД долари во вториот квартал од 1999 година. Значително зголемената понуда над побарувачка на девизни средства продолжи да се остварува и во третиот квартал од годината, кога беше реализиран нето откуп во износ од 59 милиони САД долари. Во последните три месеци од годината на нето основа се откупени 19 милиони САД долари, иако во ноември како резултат на шпекулативни бранувања околу евентуална промена на курсот на денарот, е реализирана нето продажба од 5 милиони САД долари.

Активноста на менувачкиот пазар во 1999 година беше помала во однос на претходната година, но продолжи трендот на поголема понуда од побарувачка на девизни средства. Вкупниот промет остварен на менувачкиот пазар во 1999 година изнесува 498 милиони САД долари, што е за 69 милиони САД долари помалку во однос на 1998 година. Во трансакциите со физички лица се откупени девизи во износ од 387 милиони САД долари, додека износот на продадени девизи достигна 111 милиони САД долари. На тој начин е реализиран нето откуп од 276 милиони САД долари, кој е за 39 милиони САД долари, или за 16,3% поголем од остварениот нето

откуп во минатата година. Тоа се должи на помалиот пад на откупените девизни средства (за 15 милиони САД долари) од падот на продадената ефектива на физичките лица (за 54 милиони САД долари). Притоа, 271 милиони САД долари, односно 98,2% од остварениот нето откуп го реализираа менувачниците кои работат во свое име и за своја сметка, додека преостанатиот дел отпаѓа на менувачниците кои работат во свое име, а за сметка на НБРМ.

## 6.6. Надворешен долг на Република Македонија[19]

### *6.6.1. Остварени движења во 1999 година*

На крајот на 1999 година, надворешниот долг на Република Македонија врз основа на користени краткорочни, среднорочни и долгорочни кредити изнесуваше 1.494 милиони САД долари, од кои 1.479 милиони САД долари се однесуваат на главнина. Споредено со крајот на 1998 година, долгот на Република Македонија е зголемен за 39 милиони САД долари, или за 2,7%. Тоа се должи на порастот на долгот врз основа на среднорочни и долгорочни кредити (кои во структурата на вкупниот долг имаат доминантно учество од 96,3%), додека краткорочните кредити од странство забележаа намалување.

Краткорочниот долг на Република Македонија на крајот на 1999 година изнесуваше 55 милиони САД долари и во однос на состојбата на крајот од 1998 година беше понизок за 14 милиони САД долари, или за 19,9%. Во текот на 1999 година врз основа на краткорочни кредити беа повлечени вкупно 47 милиони САД долари, што претставува намалена динамика на користење на овие средства за 20 милиони САД долари во споредба со претходната година. Истовремено, Република Македонија редовно ги сервисираше обврските по краткорочниот долг, при што врз оваа основа беа отплатени 44 милиони САД долари (од кои 42 милиони САД долари се однесуваат на платена главнина).

Надворешниот долг на Република Македонија врз основа на среднорочни и долгорочни кредити на крајот на 1999 година достигна 1.438 милиони САД долари, што во однос на нивото на крајот од 1998 година претставува зголемување од 53 милиони САД долари, односно за 3,8%. Од тоа, 1.424 милиони САД долари се однесуваат на обврски врз основа на главнина. Притоа, порастот во 1999 година е помал во споредба со соодветниот во 1998 година, што во услови на редовно сервисирање на обврските, се должи на намалениот износ на повлечени средства по одобрени кредити. Тоа кореспондира со зголемениот ризик по ескалацијата на кризата во регионот, што детерминираше претпазливост кај странските кредитори за одобрување нови кредити на Република Македонија.

Имено, во 1999 година врз основа на одобрени среднорочни и долгорочни кредити беа повлечените 189 милиони САД долари, што е за 106 милиони САД долари помалку во споредба со повлекувањето во 1998 година. Од аспект на доверителот, најголем дел од новите кредити (57,8%), односно 109 милиони САД долари се повлечени од мултилатералните кредитори. Во рамките на оваа групација на кредитори, најголем износ, односно 44 милиони САД долари се повлечени од Меѓународното здружение за развој (IDA), кои главно се наменети за Проектот за ургентен увоз (40 милиони САД долари).

[19] Претходни податоци на Народна банка на Република Македонија.

Според износот на повлечени средства, следува Европската инвестициона банка (EIB). Имено, од оваа институција во 1999 година се повлечени средства во износ од 24 милиони САД долари, кои во целост се однесуваат на финансирање на проект за изградба на патишта. Значаен износ на средства беше повлечен и од Меѓународниот монетарен фонд (IMF). Имено, од оваа меѓународна институција врз основа на одобрениот CCFF аранжман беа повлечени вкупно 19 милиони САД долари.

Од Меѓународната банка за обнова и развој (IBRD) во текот на 1999 година беа повлечени средства во износ од 12 милиони САД долари. Најголем дел од овие средства е наменет за финансиска поддршка на проектот за развој на транспортот (7 милиони САД долари). Од Европската банка за обнова и развој (EBRD) се повлечени кредити во износ од 5 милиони САД долари, кои првенствено се наменети за рестартирање и модернизирање на производството во челичарницата “Макстил” - Скопје. Повлечените средства од Меѓународната финансиска корпорација (IFC) во 1999 година изнесуваа 2 милиона САД долари.

Од билатералните кредитори, во 1999 година беа повлечени средства во износ од 26 милиони САД долари, односно 13,8% од вкупно повлечените средства во текот на годината. Најголем дел од повлечените средства се однесуваат на кредити добиени од Република Кина - Тајван (23 милиони САД долари).

Во 1999 година од приватните кредитори се повлечени вкупно 54 милиони САД долари, односно 28,3% од вкупно повлечените средства. Притоа, најголем износ на средства е повлечен од останатите приватни кредитори (47 милиони САД долари), од кои 28 милиони САД долари отпаѓаат на стоковни кредити, 11 милиони САД долари на финансиски кредити и 8 милиони САД долари на комерцијални кредити. Согласно условите од Новата финансиска спогодба со Лондонскиот клуб на доверители, капитализираната камата во 1999 година достигна 7 милиони САД долари.

За редовно сервисирање на долгот, Република Македонија во 1999 година изврши плаќање на своите обврски врз основа на достасани среднорочни и долгорочни кредити во износ од 155 милиони САД долари. Од тоа, 103 милиони САД долари се однесуваат на отплата на главнина, а 52 милиони САД долари на отплатена камата. Најголем дел, или 70 милиони САД долари од извршените плаќања спрема странство во 1999 година се однесуваат на отплатени обврски спрема мултилатералните кредитори, од кои 43 милиони САД долари се платена главнина. Во рамките на мултилатерални кредитори, најголем износ е отплатен спрема Меѓународниот монетарен фонд (IMF - 20 милиони САД долари), и Европската банка за обнова и развој (EBRD - 20 милиони САД долари).

Во текот на 1999 година е извршена отплата на обврски спрема билатералните кредитори во износ од 22 милиони САД долари (14,2% од вкупно отплатениот износ), од кои 13 милиони САД долари за обврски по главнина. Најголемиот износ, или 19 милиони САД долари се однесува на платени обврски спрема членките на Парискиот клуб на доверители (11 милиони САД долари се платени обврски врз основа на главнина). Притоа, овој износ во целост беше исплатен во првиот квартал од 1999 година. Почнувајќи од 01.04.1999 година, согласно Одлуката на Парискиот клуб на доверители, беше прогласен едногодишен мораториум, односно одложување на сите плаќања на Република Македонија спрема овој клуб. Оваа Одлука беше иницирана од влошенатата состојба во која се најде македонското стопанство предизвикана од ескалацијата на кризата во регионот.

Во текот на 1999 година, спрема приватните кредитори беа отплатени обврски во вкупен износ од 64 милиони САД долари, односно 41,0% од вкупно отплатените

обврски во оваа година. Најголемиот дел од овој износ (55 милиони САД долари) се однесува на платени обврски спрема приватните кредитори надвор од Лондонскиот клуб, од кои: 40 милиони САД долари врз основа на користени финансиски кредити, 13 милиони САД долари врз основа на комерцијални кредити и 2 милиони САД долари врз основа на стоковни кредити. Истовремено, спрема Лондонскиот клуб на кредитори се отплатени обврски во износ од 9 милиони САД долари, кои се однесуваат на отплата на камата.

### *6.6.2. Структура на долгот*

Според видот на користените кредити, во структурата на краткорочниот долг на Република Македонија, на крајот на 1999 година доминантно учество имаат финансиските кредити (80,7%). Следуваат краткорочните банкарски линии (11,5%), комерцијалните кредити (2,3%) и останатите краткорочни кредити (5,4%). Учеството на мултилатералните кредити во структурата на краткорочниот долг е незначително и изнесува 0,1%

Графикон 27

Структура на краткорочниот долг по видови на странски кредити

(состојба на 31.12.1999 година)




Во структурата на краткорочниот долг на 31.12.1999 година во однос на крајот од 1998 година, се забележува значајно зголемување на учеството на финансиските кредити (за 21,6 процентни поени) за сметка на намаленото учество на комерцијалните кредити (за 13,9 процентни поени), на краткорочните банкарски линии (за 2,6 процентни поени) и на останатите кредити (за 4,8 процентни поени). Истовремено, квалитативна промена во структурата на краткорочниот долг во 1999 година претставува појавата на мултилатералните кредити, кои во 1998 година на беа регистрирани.

Во 1999 година структурата на среднорочниот и долгорочниот долг на Република Македонија по видови на странски кредитори не забележа позначајни промени. Имено, во структурата на среднорочниот и долгорочниот долг според видови на странски кредитори, на крајот на 1999 година и понатаму најголемо учество имаат официјалните кредитори (71,7%), додека приватните кредитори учествуваат со 28,3%.

Графикон 28

Структура на среднорочниот и долгорочниот долг по видови на странски кредитори
(состојба на 31.12.1999 година)




Долгот спрема официјалните кредитори на крајот на 1999 година изнесуваше 1.031 милиони САД долари, од кои 714 милиони САД долари отпаѓаат на долг спрема мултилатералните кредитори. Со тоа, учеството на долгот спрема мултилатералните кредитори во вкупниот надворешен долг врз основа на среднорочни и долгорочни кредити достигна 49,6%. Во рамки на мултилатералните кредитори, најголем кредитор на Република Македонија е Меѓународното здружение за развој (IDA) со учество од 31,1%. Тоа ја прави структурата на надворешниот долг на Република Македонија релативно поволна, со оглед на фактот што овие кредити се одликуваат со најповолни услови на користење. Според учеството во долгот спрема мултилатералните кредитори, следуваат Меѓународната банка за обнова и развој (IBRD) и Меѓународниот монетарен фонд (IMF) со учество од 16,4% и 15,9%, соодветно.

Графикон 29

Структура на долгот спрема мултилатералните кредитори
(состојба на 31.12.1999 година)




На крајот на 1999 година долгот спрема билатералните кредитори изнесуваше 317 милиони САД долари, односно 22,0% од вкупниот надворешен долг врз основа на среднорочни и долгорочни кредити. Најголемиот дел, односно 83,7% од билатералните кредити се однесува на репрограмираниот долг спрема Парискиот

клуб на доверители. На новосклучените кредити и на нерепрограмираниот долг отпаѓаат 11,8%, односно 4,5% од вкупниот билатерален долг.

Вкупниот долг на Република Македонија спрема приватните кредитори на крајот на 1999 година изнесуваше 408 милиони САД долари, од кои најголем дел (60,2%) отпаѓа на долгот спрема Лондонскиот клуб на кредитори. Истовремено, среднорочните и долгорочните кредити земени од други приватни кредитори достигнаа 157 милиони САД долари, од кои најголем дел се земени во вид на финасиски кредити (44,1%), односно стоковни кредити (39,4%).

## 6.7. Односи со меѓународните финансиски институции[20]

### *Меѓународен Монетарен Фонд*

Во 1999 година Република Македонија требаше да ја финализира успешната реализација на ЕСАФ аранжманот со ММФ, склучен за периодот 1997-1999 година. Меѓутоа, поради негативниот екстерен шок предизвикан од ескалацијата на кризата во СР Југославија во првата половина на 1999 година, не постоеја потребните услови за целосна реализација на аранжманот и истиот беше прекинат. Сепак, од август 1999 година Република Македонија со ММФ има аранжман за надминување на загубите од неочекуваниот пад на приходите од извозот, како последица на екстерниот шок. Всушност, станува збор за Кредит за компензаторно финансирање и финансирање на трошоци од непредвидени ризици, т.н.р. ЦЦФФ[21] аранжман.

Во досегашните односи на Република Македонија со ММФ, покрај финансиската поддршка е остварена и значајна техничка помош од страна на Фондот и тоа: во областа на монетарната и платно-билансната статистика, реформа на инструментите на монетарно регулирање, девизниот систем и следењето на платниот биланс, девизниот пазар, банкарската супервизија и т.н. Добрата соработка на овој план продолжи и во 1999 година.

### *Групација на Светската банка*

Заклучно со 31.12.1999 година, Република Македонија има склучено повеќе аранжмани со Светската банка и нејзините афилијации. Во периодот од 1994 година до 1999 година со Меѓународната банка за обнова и развој (МБОР), Република Македонија склучи 8 аранжмани во вкупен износ од 184 милиони САД долари. Од тоа, во 1999 година е склучен аранжман за проект за транспортниот сектор во износ од 27,1 милиони САД долари.

Со Меѓународното здружение за развој во периодот 1994-1999 година се склучени 12 аранжмани во вкупен износ од 280,7 милиони САД долари. Само во 1999 година се склучени два аранжмана, и тоа: Заем за надминување на негативните економски последици од екстерниот шок (50,6 милиони САД долари) и аранжман за структурни реформи во рамките на проектот за итна социјална помош (10,3 милиони САД долари).

[20] Податоци на НБРМ
[21] CCFF - CCFF, Compensatory and Contingency Financing Facility

Меѓународната финансиска корпорација во периодот 1997-1999 година во Република Македонија финансирала проекти на приватниот сектор со ангажирање на сопствени средства во износ од 78,7 милиони САД долари. Од тоа, во 1999 година е финансиран еден нов проект, кај кој вредноста на инвестираните средства само на Меѓународната финансиска корпорација изнесува 8,7 милиони САД долари.

### *Европска банка за обнова и развој (ЕБОР)*

Стратегијата на ЕБОР за Република Македонија се фокусира врз остварување на три главни цели:

*1/ Развој на приватниот сектор,* преку одобрување на долгорочни заеми на македонските банки, со што дава директна поддршка за развојот на малите и средни претпријатија и за забрзување на процесот на приватизација. ЕБОР, исто така, одобрува кредити и директни инвестиции во приватни проекти во индустријата и агробизнисот и активно ги помага странските директни инвестиции;

*2/ Зајакнување на финансискиот сектор,* преку систематско реструктуирање на банкарскиот сектор. Стратегијата на ЕБРД се фокусира на рехабилитација и приватизација на најголемата македонска банка и на консолидација и развој на помалите финансиски институции по пат на кредитни линии или учество во акционерскиот капитал;

*3/ Клучни, критични инвестиции во инфраструктурата,* за кои ЕБРД исто така ќе насочува свои средства. Воедно, ЕБРД ќе учествува и во реализацијата на специфични инфраструктурни проекти кои го олеснуваат развојот на приватниот сектор и регионалната интеграција на земјата (транспорт, енергија, телекомуникации и сл.).

Во 1999 година со ЕБОР се договорени два проекти во чие финансирање оваа финансиска институција ќе ангажира свои средства во вкупен износ од 27,5 милиони САД долари. Истовремено, во рамки на претходно склучените проекти, од ЕБОР се повлечени 4,6 милиони САД долари. Во 1999 година кон ЕБОР се платени обврски во вкупен износ од 19,6 милиони САД долари, од кои 15,3 милиони САД долари се однесуваат на главнина. На 31.12.1999 година долгот спрема ЕБОР изнесува 72,3 милиони САД долари.

### *Билатерални кредитори*

До 31.03.1999 година Република Македонија редовно ги измируваше обврските спрема Парискиот клуб на кредитори. Поради неповолните екстерни влијанија врз македонската економија од ескалацијата на кризата во СР Југославија, Парискиот клуб на доверители почнувајќи од 01.04.1999 година ѝ дозволи на Република Македонија мораториум на обврските спрема оваа група на кредитори во период од една година. Во овој период вкупно достасуваа 38,9 мил. САД долари, чие регулирање ќе биде предмет на дополнителни преговори со Парискиот клуб на кредитори.

Во 1999 година Република Македонија склучи нови билатерални кредитни аранжмани и тоа:

- Во мај 1999 година склучи договор за стоков кредит со Владата на Република Италија во износ од 12,8 мил. САД долари;
- Во јуни 1999 година склучи договор за кредит со Република Тајван во износ од 12 мил. САД долари, наменет за развој на приватниот сектор, и

- Во јули 1999 година склучи договор за кредит со Република Тајван во износ од 20 мил. САД долари, наменет за финансирање на инфраструктурни објекти.

*Приватни кредитори - Лондонски клуб*

Вкупно преземеноит долг спрема оваа групација на кредитори изнесува 228,7 милиони САД долари. Во 1999 година спрема Лондонскиот клуб на доверители се отплатени обврски врз основа на камата во износ од 8,6 милиони САД долари, а извршен е и репрограм на обврски во висина од 3,0 милиони САД долари. На 31.12.1999 година состојбата на долгот спрема оваа групација на кредитори изнесува 245,3 мил. САД долари, вклучувајќи ја и капитализираната камата.